**20242023464**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 септември 2024 година.

Бр. 08-4555/1
24 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), во член 46 став (1) алинеја 4 зборовите: „Законот за локалните избори“ се заменуваат со зборовите: „Законот со кој се уредуваат локалните избори;“.

Член 2

Во членот 54 став (1) алинеја 5 зборовите: „Законот за локалните избори“ се заменуваат со зборовите: „законот со кој се уредуваат локалните избори;“.

Член 3

Во член 76 во ставот (3) зборовите: „Законот за локалните избори“ се заменуваат со зборовите: „законот со кој се уредуваат локалните избори;“.

Член 4

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон одредбите од членот 54 од овој закон кои се однесуваат на постапката за распишување нови избори за градоначалник, поради настапување на еден од случаите за престанок на мандатот на градоначалник по сила на закон нема да се применуваат до првите редовни избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на Градот Скопје, кои ќе се одржат по влегувањето во сила на овој закон.

(2) Во општина во која заради настапување на еден од случаите за престанок на мандатот на градоначалник по сила на закон Советот од редот на своите членови има избрано член, кој ќе ја врши должноста градоначалник на општината, со денот на влегување во сила на овој закон избраниот член останува да ја врши должноста градоначалник на општината до изборот на нов градоначалник, избран на првите редовни избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на Градот Скопје, кои ќе се одржат по влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".